# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИШТА

# КУМАНОВО

ЈП ПАЗАРИШТА - NP TREGU
Бр. No. 01-60/4
16.01.2026
КУМАНОВО - KUMANOVË

ПАЗАРИШТА
TREGU
КУМАНОВО-KUMANOVË

**ПРОЧИСТЕН ТЕКСТ НА**

# ЦЕНОВНИК

**На услуги на Јавно Претпријатие Пазаришта-Куманово**

***Куманово Јануари 2026 година***

Врз основа на член 20 од Статутот на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово Управниот одбор на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово на седница оддржана на 16.01.2026 година го донесе следниот прочистен текст на:

# ЦЕНОВНИК
## На услуги на Јавно претпријатие Пазаришта-Куманово

### Член 1

Со овој ценовник се утврдуваат:видот и обемот на услугите што ги врши Јавното претпријатие:висината на надоместокот што за услугите го плаќаат корисниците;начинот и условите на наплата на цената, како и други работи неопходни за функционирање на пазарите со кои стопанисува Јавното претпријатие.

### Член 2

Јавното претпријатие на корисниците им ги дава следниве услуги:

-Издава во закуп тезги и продажни места за вршење трговија на мало со земјоделски и други производи, чија продажба согласно Закон и подзаконските акти е дозволена на Зелените пазари;
-Издава магацинскипростор за чување на производите
-Издава боксови за продажба на добиток на Добиточниот пазар
-Издава простор за продаѓба на сено, слама и други земјоделски производи на Добиточен пазар.
-Врши вагарски услуги на Добиточниот пазар
-Обезбедува осветлување на просторот и тезгите на зелените пазари со електрична енергија и наплатува за услугата.
-Издава во закуп деловен простор и наплатува закупнина
-Издава простор за продажба на пазар за стари работи
-Изнајмува паркинг места за паркирање на возила на паркинзи со кои стопанисува.
-Изизнајмува простор за продажба од моторни возила.
-Изизнајмува рекламен простор
-Врши и други работи неопходни за нормално функционирање на пазарите.
-Издава простор за продажба на возила на авто пазар кој ќе функционира во состав на пазар на стари работи во недела.
-Издава подвижни тезги за продажба на цвеќе
-Изнајмување на простор за продажба на Панаѓур.
-Други неспоменати услуги кои се непосредно поврзани со дејноста на Ј.П.Пазаришта (шифра 68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или имот земен под закуп односно лизинг)

## Член 3

Јавно претпријатие може да врши и други услуги кои што се обезбедуват на пазарни пунктови во поделни делови на градот и други населени места и други услуги непосредно сврзани со обезбедување на услови за функционирање на Зелените пазари, Добиточниот пазар и други Пазари согласно Закон за трговија и посебните прописи.

## Член 4

Под поимот тезга се подразбира метална конструкција со рамна површина од 1,5 до 2,15 метри со рамна површина наменета за изложување и продажба на производи.Под површина тезга се подразбира и просторот наменет за манипулација со производите на корисникот зад тезгата со површина до 2 $м^2$, односно вкупна површина на тезгата изнесува до 4 $м^2$.

Тезгите и продажните места можат да бидат отворени, без покрив и со покрив во вид на боксови.

Секоја тезга под под површината наменета за продажба и изложување на производите, може да има затворен или отворен простор за одложување на производите и опремата што ја користи трговецот.

## Член 5

Тезгите и продажните места на зелените пазари, со посебна одлука на Управниот одбор, се разместуваат во **три** категории и тоа:

**ПРВА КАТЕГОРИЈА** се тезги и продажни места разместени на зелените пазари према главните комуникации и влезовите на пазарите.

**ВТОРА КАТЕГОРИЈА** се тезги и продажни места во внатрешноста на зелените пазари.

**ТРЕТА КАТЕГОРИЈА** се тезги и продажни места во внатрешноста на пазарите кои не се атрактивни и за кои постои мал интерес за изнајмување.

## Член 6

Под поимот продажно место се подразбира простор во површина од 1 до 2 $м^2$ определен според планот за распоред на тезги и продажни места.

## Член 7

Под поимот бокс на добиточниот пазар се подразбира ограден простор за продажба на ситен и крупен добиток.

## Член 8

За издавање на тезги и продажни места Јавното претпријатие "Пазаришта" наплатува цена:

На Зелен пазар:

**-Урбана опрема**

За издадена урбана опрема - барака со површина до 6 м²
**106.200.оо** денари со вклучен ДДВ.

**-Контејнер на 1Б ниво**

За издаден контејнер со површина до 4м² годишно **52.500.оо** денари со вклучен ДДВ

**-Прва категорија тезги**

за издадена тезга со површина до 4м² годишно **46.125.оо** денари со вклучен ДДВ ;

**-Втора категорија тезги**

за издадена тезга со површина до 4м² годишно **42.281.оо** денари со вклучен ДДВ;

**-Трета категорија тезги**

за издадена тезга со површина до 4м² годишно **30.750.оо** денари со вклучен ДДВ;

**-Продажно место**

за издадено продажно место до 2м² годишно **26.906.оо** денари со вклучен ДДВ.

Резервација на тезга за секоја наредна година ќе се врши најдоцна до 31.12 во тековната година.

Секоја закупец на тезга,барака ,контејнер или продажно место кој нема да потпише договор за резервација до 31.12 тековна година за наредната година ,за секој нареден месец ќе му биде пресметувана закупнина зголемена за 20% месечно.

## Член 9

За издавање на тезги и продажни места Јавното претпријатие "Пазаришта" наплатува цена:

На реонски пазар:

**-Прва категорија тезги**

за издадена тезга со површина до 4м² годишно **38.437.оо** денари со вклучен ДДВ;

**-Втора категорија тезги**

за издадена тезга со површина до 4м² годишно **26.906.оо** денари со вклучен ДДВ;

**-Продажно место**

за издадено продажно место до 2м$^2$ годишно **19.219.оо** денари со вклучен ДДВ.

**Резервација на тезга за секоја наредна година ќе се врши најдоцна до 31.12 во тековната година.**

**За плаќање на закупнина за цела година однапред на ден на потпишување на Договор за закуп цената се намалува за 10%**

**Член 10**

Тезгите на зелените пазари не смеат да бидат проширувани со разни додатоци, кои имаат за цел да ја зголемат нејзината површина и да го стеснат просторот за комуникација.

До колку е можно проширување на површината на тезгата, по претходна согласност на организаторот на пазарот, за површина изнад 4м$^2$, закупецот е должен да плати закупнина.

Цената на закупнината за проширувањето на тезгата се пресметува врз основа на основната цена на тезгата и големината на зафатениот простор по м$^2$.

**Член 11**

На добиточниот пазар цените на услугите изнесуваат:

- за крупен добиток (волови, крави, јунци, јуници, коњи и мазги) по грло **225.оо** денари со вклучен ДДВ.
- за телци, ждребиња и магариња до 200 кг. по грло; **112.оо** денари со вклучен ДДВ
- за овци и кози по грло; **62.оо** денари со вклучен ДДВ
- за јагниња и јариња по грло; **62.оо** денари со вклучен ДДВ
- прасиња до 15 кгр. по грло; **62.оо** денари со вклучен ДДВ
- за товени свињи по грло **112.оо** денари со вклучен ДДВ

За влез во добиточниот пазар на празни возила, заради обавување на транспортни услуги и користење на утоварно-истоварна рампа

- за камиони со носивост до 2 тони, леки коли со приколка и трактори се наплатува **62.оо** денари со вклучен ДДВ
- за камиони со носивност над 2 тони се наплатува **112.оо** денари со вклучен ДДВ

За користење на вага за мерење на добиток на добиточниот пазар

за секое мерење до 50 кгр.
се наплатува **37.оо** денари со вклучен ДДВ
за секое мерење до 200 кгр
се наплатува **62.оо** денари со вклучен ДДВ
за секое мерење над 200 кгр
се наплатува **112.оо** денари со вклучен ДДВ
-издавање на места за продажба по м$^2$
се наплатува **62.оо** денари со вклучен ДДВ
-продажба на дрва, сено, слама и сл.
од камион до 2 тона
се наплатува **112.оо** денари со вклучен ДДВ
над 2 тона
се наплатува **225.оо** денари со вклучен ДДВ

**Член 12**

**На пазар за стари работи цените на услугите изнесуваат:**
-издавање на места за продажба по м$^2$
се наплатува **75.оо** денари со вклучен ДДВ

**Член 13**

**На пазар на големо цените на услугите изнесуваат:**
- за леки коли со приколка и трактори
  се наплатува **125.оо** денари со вклучен ДДВ
- за камиони со носивост до 2 тони
  се наплатува **187.оо** денари со вклучен ДДВ
- за камиони со носивност над 2 тони
  се наплатува **250.оо** денари со вклучен ДДВ

**Член 14**

**Цените за деловен простор изнесуваат:**

**На централен зелен Пазар**

-за деловен простор по м$^2$ месечно
почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

**На реонски зелен Пазар**

-за деловен простор по м$^2$ месечно
почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

**На Пазар над всоколански паркг**

-за деловен простор по м$^2$ месечно

почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

**Член 15**

Деловното земјиште, со кое располага ЈП Пазаришта се изнајмува на заинтересирани корисници за обавување на разни дејности по следниве цени:

-над "соколански парк" по м$^2$ месечно

почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

-добиточн пазар по м$^2$ месечно

почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

-централен зелен пазар по м$^2$ месечно

почетна цена во постапка за јавно наддавање врз основа на јавен оглас се определува согласно извештај за процена на вредност на имот од овластен проценител.

**Член 16**

На паркинзи со кои стопанисува Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово се издаваат паринг места и тоа:

- Паркинг места на паркинг просторот на зелениот пазар
  - 35.оо денари на час со вклучен ДДВ

-Закуп на паркинг место во период од 19.00 часот до 07.00 часот
1.500 денари со вклучен ДДВ месечно.

- Паркинг места на паркинг просторот на добиточниот пазар
50.оо денари дневно со вклучен ДДВ

**Член 17**

Цените на услугите на зелените пазари за изнајмени тезги и продажни места се наплатуваат месечно во рок од 8 дена од доставување на фактура , а може да се врши и наплата на дневен закуп.

**Член 18**

За сместување на стока во магацински простор и поставени тенди се наплатува 307.оо денари по м2 месечно ДДВ се пресметува дополнително за закуп на магацински простор на Зелен пазар.

На закупци на тезги како времени потрошувачи согласно Закон за енергетика се врши префактурирање на потрошена електрична енергија согласно Закон за енергетика, месечно

-1 неонско или лед осветлување -300 денари со вклучен ДДВ

## Член 19

**Дневна наплата:**
За издадена тезга и продажно место на сезонски производители дневно се наплатува

**-Прва категорија тезга**
**150.оо** денари со вклучен ДДВ.
**-Втора категорија тезга**
**125.оо** денари со вклучен ДДВ.
**-Трета категорија тезга**
**100.оо** денари со вклучен ДДВ.
**-Продажно место по 1 $м^2$**
**75.оо** денари со вклучен ДДВ.

## Член 20

**Рекламни паноа** со кои располага Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово се издаваат под закуп освен за време на избори кога е потребно да се постапи согласно Одлука за утврдување на места на кои можат да се истакнуваат плакати донесена од Советот на Општина Куманово бр.07-1297/10 од 03.03.2014 година во кој период истите ке се користат за истакнување на изборни плакати без надоместок.

-Цена на закупнина изнесува 3.750.оо денари месечно, ДДВ се пресметува дополнително.

## Член 21

Деловен простор со кој стопанисува Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово на Реонски простор, а кој не е издаден по пат на јавно наддавање може да се користи како магацински простор на месечно ниво за кој се наплатува 187.оо денари по м2 месечно, ДДВ се пресметува дополнително.

## Член 22

За закуп на подвижни тезги надвор од седиште на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово и негови подружници се наплатува дневно 187.оо денари со вклучен ДДВ, комунална такса се пресметува дополнително, транспортот на тезгите паѓа на товар на закупецот.

За закуп на подвижни тезги за продажба на цвеќе надвор од седиште на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово и негови подружници се наплатува месечно за издадена тезга со површина до 4м$^2$ годишно **3.844.оо** денари со вклучен ДДВ ;

**Член 23**

Деловниот простор од Член 14 може да се користи за намени по избор на корисниците, а за кои се исполнети пропишаните услови и за кои надлежните органи ќе издадат одобрение за работа и за кои закупецот склучил договор со Јавното претпријатие.

**Член 24**

За издадениот деловен простор под закуп, Јавното претпријатие наплатува закупнина, по правило во рок од осум дена од денот на доставување на фактура во месецот за тековниот месец.

**Член 25**

За деловен простор во кој по претходна согласност на Јавното претпријатие закупецот ќе вложи средства во инвестиционо одржување, вложените средства можат да му бидат вратени или засметани во закупнина.

**Член 26**

Јавното претпријатие покрај обврската да ги обезбедува и одржува средствата наменети за трговија (тезгите и другата инсталација) нема обврска да ја чува евентуално оставената стока на просторот на пазарите и магацините.

**Член 27**

Со секој корисник на тезга, продажно место или деловен простор, кој ке изврши закуп за период подолг од еден месец Претпријатието ке склучи договор во писмена форма со кој ке се уредат мегусебните права и обврски.

**Член 28**

За влез на добиточен пазар како целина за сите негови пазарни денови со леки коли заради обавување на лични работи се наплатува **62.оо** денари со вклучен ДДВ.

## Член 29

За влез на авто пазар покрај влез во добиточен пазар како целина за сите негови пазарни денови со леки коли заради обавување на лични работи за кој се наплатува 62.оо денари се наплатува и продажно место

-За електричен тротинет се наплатува 100 денари со влучен ДДВ

-За мотоцикли до 50 см3 се наплатува 150 денари со влучен ДДВ

-За мотоцикли над 50 см3 се наплатува 250 денари со влучен ДДВ

-За електрични автомобили се наплатува 150 денари со влучен ДДВ

- За автомобили, приколки и трактори се наплатува 300 денари со влкучен ДДВ

-За комбе(товарно и превозно) се наплатува 350 денари со вклучен ДДВ

- За камион со носивост до 2 тони се наплатува 400 денари со влкучен ДДВ

За камиони со нсоивост над 2 тони се наплатува 500 денари

За оставање паркирано возило(автомобил,комбе, приколки и трактори) на сопствена одговорност дополнително се наплатува 150 денари дневно.

За оставање паркирано возило(камион со носивост до 2) на сопствена одговорност дополнително се наплатува 200 денари дневно.

За оставање паркирано возило(камиони со нсоивост над 2 тони) на сопствена одговорност дополнително се наплатува 250 денари дневно.

-За оставање на паркирано возило задолжително се слкучива писмен договор со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни.

**Член 30**

На Панѓур цените на услугите изнесуваат:

-издавање на места за продажба по м2 за 3 дена се наплатува 1.900.оо денари со вклучен ДДВ .

**Член 31**

Составен дел на овој Ценовник е графичкиот односно шематскиот приказ на пазарите и категоризацијата на тезгите и продажните места, како и нумеричкото обележување на тезгите и продажните места.

**Член 32**

Со стапување на сила на прочистен текст на овој ценовник престанува да важи претходниот Ценовник.

**Член 33**

Овој прочистен текст на Ценовникот стапува на сила со денот на добивање на согласноста од Советот на општината Куманово а ке се применува од денот на стапување на сила.

Предлагач:
Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово
В.Д.Директор
Суад Зејнулаху

**Куманово**
**16.01.2026год.**

**Ј.П.ПАЗАРИШТА**
**Куманово**
**Управен одбор**
**Претседател,**
**Ирена Марковска Димитриевска**

ЈП ПАЗАРИШТА КУМАНОВО Ц.О.
NP TREGU KUMANOVË P.P.